РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA
бр. 04-1331/1
13-01-2023 год.
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Сл. весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) и член 21 од Законот за работни односи ("Сл.весник на Р.М "бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12 , 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), а во врска со објавениот Јавен оглас во дневните весници „Нова Македонија", и „ Лајм", Директорот на Центар за управување со кризи, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидат по основ на вработување на определено време**

**Сара Кузмановска** врз основа на Јавен оглас број 01/2023 објавен на ден 05.01.2023 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајм", се вработува во Центар за управување со кризи на работно место Помлад соработник за подршка на системите, во Одделение за телекомуникации, Сектор за информатика и телекомуникации, – 1 извршител.

По потпишување на Одлуката за извршен избор, директорот на Центар за управување со кризи ќе потпише Договор за вработување на определено време на именуваното лице во Центар за управување со кризи.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

По добивањето на согласноста од Министерството за финансии за вработување на 28 извршители на определено време, Центарот за управување со кризи на ден 05.01.2023 година објави оглас за вработување на 1 извршител на определено време (до 31.12.2023 година). По разгледување на апликацијата на пријавениот кандидат за објавеното работно место по огласот за спроведување постапка за заснование на работен однос на определено време, Комисијата за водење на постапка за вработување на определено време направи увид и проверка на документацијата на канditатот согласно општите услови предвидени во Законот за работни односи и посебните услови предвидени во Правилникот за систематизација на работни места на Центарот за управување со кризи и состави

Записник. Комисијата за водење на постапка за вработување на определено време спроведе селекција на ден 13.01.2023 година и направи интервју на ден 13.01.2023 година со кандидатот кој ги исполнува предвидените услови.

Врз основа на доставениот Записник и направеното интервју од страна на Комисијата за водење на постапка за вработување на определено време, Директорот на Центар за управување со кризи го избра кандидатот **Сара Кузмановска** на работно место Помлад соработник за подршка на системите, во Одделение за телекомуникации, Сектор за информатика и телекомуникации.

**ДИРЕКТОР**

**Стојанче Ангелов**

Доставено до:

- Именуваниот
- Персонално досие
- Архива